ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 18 јануари 2016

# ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА

## Резултати од спроведени превентивните цели кај матичните лекари и воведување нови двогодишни цели за 2016-2017




Со реализацијата на Проектот на Владата на Република Македонија за превенција на трите хронични незаразни заболувања - кардиоваскуларни, бубрежни заболувања и дијабетес, овозможуваме рационализирање и правилно искористување на средствата на Фондот, како и подигнување на квалитетот на здравствена заштита во државата. Со цел грижа за здравјето на осигурениците, Фондот, заедно со Лекарската Комора на Македонија и Здружението на приватни лекари на Македонија, лекарските здруженија и другите чинители на здравствениот систем, во договорите за 2014 година со приватните здравствени установи, воведе три цели како приоритет за превенција.

Периодот во кој се спроведуваа договорените превентивни прегледи кај матичниот лекар беше предвидено да се одвива две години - 2014 и 2015 година, за да има доволно време да можат да бидат опфатени сите осигуреници. За таа цел, во соработка со матичните лекари, се извршија прегледи на осигурениците на возраст од 14 до 65 годишна возраст. Таргетирани беа 1,300.000 осигуреници од кои обработени се податоци за 655.002 осигуреници, што изнесува 52% од вкупната бројка.

Превентивните мерки беа цели за рано и навремено откривање на трите најчести незаразни заболувања, кардиоваскуларните, бубрежните заболувања и дијабетес мелитус, како и секундарна превенција на можните компликации од истите.

Генерално, кажано во бројки, лица со хронични болести кои го посетиле матичниот лекар во 2014/2015 и добиле и совет во врска со здравствената состојба и брошури, од кои 8,6% (111.308 лица) испитани осигуреници се со кардиоваскуларни заболувања, 0,42% 5.534 се со нефролошки заболувања и 6,9% (89.349 лица) имаат дијабетес. Бидејќи оваа бројка не е мала, Фондот реализираше и дополнителен проект, „Фондот се грижи за хроничните болни“, при што тимови од Фондот телефонски ги потсетуваат хроничните пациенти да ги извршат редовните прегледи и контроли и да ги почитуваат советите на лекарите за да се спречи влошување на здравствената состојба.

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Ќе ви презентираме статистика за трите најчести незаразни заболувања:

1. Дијабетес.

Од вкупно 579.813 испитани лица за дијабетес, 2,8% (16.231 лица) се новооткриени со пред-дијабетична состојба и дијабетес, 0,42% (3.007) се со многу висок ризик, а 1503 осигуреници се очекува да добијат дијабетес. Прекумерна тежина имаат 14,3% (82.852 лица) од испитаните лица, што значи дека истите треба да ја намалат телесната тежина со намалување на внес на храна со високо ниво на храна со незаситени масти и јаглехидрати.

2. Нефролошки заболувања

Утврден е висок ризик од нефролошки заболувања кај 0,4% (2.600) осигрени лица кај кои се очекува заболување во наредните 10 години, а од нив 1,300 лица ќе завршат на дијализа. Кај 4,39% (28.783) во урината се утврдени протеини, што е еден од знаците за нефролошко заболување.

3. Кардиоваскуларни заболувања

Од резултатите на превенцијата на кардиоваскуларни заболувања, кај 3,86 (14.753 лица) е откриена неправилна работа на срцето со ЕКГ, додека кај возрасната група од 24 до 65 години, од обработени 381.878 податоци, 35,18% (134.326 лица) со многу висок ризик, а 13,432 се очекува да имаат фатални последици од кардиоваскуларна епизода во наредните 10 години.

Овие бројки се релевантна статистка врз основа на која Фондот, во соработка со матичните лекари, за прв пат води статистичка евиденција за здравствената состојба на населението. Истовремено, овие податоци се темел за креирање здравствени политики на подолг рок.




Превенцијата на трите хронични незаразни заболувања, кардиоваскуларните, нефролошките заболувања и дијабетесот е многу значајна, поради зачестено појавување на овие заболувања кои се со висок процент на смртност. Фондот во соработка со матичните лекари од 1.1.2016 година, започнува нов двогодишен циклус за реализација на превентивни цели во 2016 и 2017 година.

Наша стратешка посветеност е во соработка со сите релевантни чинители на здавствениот систем да ја промовираме и стимулираме превенцијата, затоа што тоа е еден од најважните механизми за спречување на развивање на заболувањата. По анализата на податоците кои што ги добивме од матичните лекари

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

преку електронскиот софтевер кој го воспоставивме, воочивме дека овие три заболувања најчесто се јавуваат кај пациенти од 35 до 65 години. Од тие причини, одлучивме во новите превентивни цели и активности за наредните две години да се фокусираме на овие возрасни категории на граѓани и максимално посветено,  заедно со матичните лекари да ги информираме и едуцираме за можните компликации од овие заболувања.

Исто така, во новиот двогодишен циклус сакаме да информираме дека новина се превентивни цели кај педијатрите. Грижата за здравјето започнува од најрана возраст и затоа педијатрите треба да реализираат превентивни активности рано откривање на нарушувања на видот, слухот и говорот за деца од 3 до 6 години и рано откривање на деформитети на рбетниот столб за деца од 6 до 14 години. Овие две цели до 01.09.2016 година, ќе се водат во  хартиена форма,  односно во локален софтвер, а со унапредување на порталот ќе можат да се пополнуваат електронски без обврска за хартиено чување.




Матичните лекари и педијатри ќе имаат задача во наредните две години, согласно динамика утврдена од нив, да ги повикаат на преглед сите осигуреници од овие возрасни категории кои се заведени кај нив како матични пациенти преку смс, писмо или телефонско јавување, и да извршат преглед и увид во здравствената состојба на пациентите за да ги утврдат нивните ризици по здравје и да препорачаат превентивни мерки за зачувување на здравјето. Фондот за здравствено осигурување ќе биде партнер во овој процес како и досега, затоа што ги овозможи сите потребни алатки за брзо реализирање на овие процедури. Имено, воведен е електронски систем на поврзување на матичните лекари со Фондот за здравство, а исто така воведовме систем каде ги поврзавме лабораторите со матичните лекари и Фондот.

Важен сегмент за успешна имплементација на превентивни цели е и начинот на исплата на матичните лекари. Имено, исплатата  на средства од Фондот (20%) е врзана со реализација на превентивните цели, што претставува механизам за да се осигураме дека превентивните прегледи се извршени кај осигурениците.

Би сакале тука да укажаме на значењето на матичните лекари кои се есенцијалната алка во здравствениот систем и токму затоа Фондот ќе продолжи да биде партнер за соработка на матичните лекари, како и на обезбедување поквалитетни здравствени услуги за пациентите и за самите лекари.

Во оваа пригода, Фондот апелира до сите граѓани да се појават на закажаниот преглед кај матичниот лекар за спроведување на превенцијата, а во зависност од ризикот кој ќе се одреди, да ги следат препораките. Иако осигуреникот се чувствува релативно добро,

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

подобро е тоа да биде потврдено од стручни лица, а не осигуреникот да се потпира само на личното мнение.

За спроведување на превентивните цели кои Фондот ги утврди заедно со официјалните претставници на матичните лекари изработи упатството за начинот на извршување на превентивни мерки кое заедно со обрасците се објавени на веб страницата на ФЗОМ во делот на даватели на здравствени услуги, под примарна здравствена заштита – општа медицина 2016 година.